


# ЈАВЕН ПОВИК

Општина Кр. Паланка за првпат ќе ја организира манифестацијата **СУСУРИГА 2024** во градот, со цел заживување на старата градска традиција на маскирање и палење на оган по повод празникот ПРОЧКА.

Манифестацијата ќе се одржи на **16 Март (сабота) во 18.00 часот** во очи на празникот Прочка. Манифестацијата ќе содржи: дефиле под маски, избор за најдобра групна (или маалска) маска, огнено шоу, симболично и ритуално палење на оган - СУСУРИГА и забава по маски.

За таа цел **ги повикуваме** сите Кривопаланчани **над 14 години**, да земат учество и да пријават групна (или маалска) маска за претстојната манифестација.

Општина Крива Паланка
Одделение за јавни дејности
ул. Св. Јоаким Осоговски. бр.175
тел: 031 375 025
Контакт лице: **Емил Додевски**
075 449 801
емаил: edodevski@krivapalanka.gov.mk

Пријавувањето за групни (или маалски) маски ќе се врши секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот во Одделението за јавни дејности.

При пријавувањето, кандидатите потребно е да доставaт во пишана форма што претставува маската и да дадат мал опис на истата. Исто така потребно е да доставаат музика на ЦД во траење најмногу 2-3 минути, а на истата потребно е да имаат некаква мала кореографија со која ќе ја претставaт маската на официјалната бина. Бројот на учесници во маската да биде **максимум до 20.**

Вашите пријави за маски, заедно со текстот за најава и музиката очекуваме да ги доставите во хартиена или електронска врзија на погоре посочените адреси, **најдоцна до 14.03 2024** до **15:30 часот**.

При пријавувањето, кандидатите ќе добијат реден број под кој ќе настапат на дефилето под маски на 16.03 2024 кое започнува од пред НУ Центар за култура - Крива Паланка со почеток во 18:00 часот.

За најдобрите 3 (три) групни (или маалски) маски општина Крива Паланка како покровител на манифестацијата ќе обезбеди **награди за I - прво, II- второ и III-трето место,** а изборот на најдобрите маски ќе го оценува жири комисија.

**Пријава за манифестацијата:** линк